ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

## Соопштение за промена на назив

**Скопје, 16.08.2013**

Етаблираната домашна компанија досега позната како Акционерско друштво за осигурување и реосигурување  Кјуби Македонија, Скопје, во иднина ќе го носи името **Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје  - Виена Иншуренс Груп.** Промената е резултат на купувањето од страна на Виена Иншуренс Груп (**Vienna Insurance Group (VIG)**, австриската групација базирана во Виена, која сега е нов сопственик на поранешното Кјуби Македонија.

Централниот Регистар на Република Македонија на **14.08.2013** година  донесе Решение за упис на промената:

**Новиот официјален назив на фирмата е Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје  -  Виена Иншуренс Груп. Скратен назив на Друштвото е Осигурување МАКЕДОНИЈА  Скопје  а.д - Виена Иншуренс Груп.**

Промената на името на Друштвото, исто така, резултира и со процес на ребрендирање. Новото лого на компанијата е синергија од две вредности- долгогодишното искуство и познавање на осигурувањето од македонскиот бренд со динамичноста и со меѓународното искуство и знаење на Виена Иншуренс Груп.

ул. 11 Октомври бр.  25, П. фах:  27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk